

Општинската Установа Музеј на град Неготино деновиве го реализира еден од одобрените проекти за 2018 година од страна на Министерството за култура на РМакедонија, а тоа е Санирање на влага во депото на музејот со цел да се подобрат условите за чување на музејски материјал во депоата на музејот. Музејот во минатиот период се соочуваше со проблем од подземните води од страничните делови на објектот, со тоа што се создаваше влага во депоата, а со тоа беа речиси невозможни условите да се чуваат музејскиот материјал и музејските предмети. Од таа причина оваа установа стартуваше со ваков инвестициски проект пред две години кој што Министерството за култура на РМ го одобри и санирањето се врши етапно според однапред утврдената динамика
. Оваа година санирањето се реализира со промена на подот во депоата, промена на сталажите со нови поиздржливи и промена на картонските кутии во ко
и
се чува музејскиот материјал
со нивна замена
со нови пластични кутии
.





